**Одлука бр.9**

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија на електронска седница одржана на ден 19.12.2023 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## За определување на висината на надоместокот на судии за турнири од Календарот на ТФСМ и меѓународни турнири во 2024 година

**Член 1**

## I. Судии за меѓународни турнири

| ТУРНИР | Referee | International Chair Umpire | White badge Chair Umpire | National Assistant | Additional Chair Umpire | Line Umpire |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | US $ | US $ | US $ | US $ | Den./day | Den./day |
| DAVIS CUP | D.C. fee | D.C. fee | D.C. fee | 300 | / | 1.500,00 |
| ATP CHALLENGER | ATP Fee | By ATP | / | 300 | / | 1.500,00 |
| ITF Pro Circuit | ITF Fee | ITF Fee | ITF Fee | 250 | 3.000,00 | 1.500,00 |
| ITF | 700 | / | / | 250 | 1.500,00 | / |
| TE JUNIORS | 650 | / | / | 250 | 1.300,00 | / |
| ITF / TE SENIORS | 400 | / | / | 200 | 1.300,00 | / |

**Член 2**

Судиите во зависност од пропозициите за турнирот ги делегира ИТФ, ТЕ и ТФСМ.
Сместувањето, исхраната и исплатата на судиите, ТФСМ или клубот организатор го врши согласно правилата и пропозициите на ИТФ и ТЕ за секој турнир одделно, за тековната 2024 година.

## II. Судии за домашни турнири

**Член 3**

| ТУРНИР | Главен Судија | Судија на стол |
|---|---|---|
| | Денари/период | Денари |
| КАЛЕНДАР ТФСМ | 4.000,00/зимски<br>5.000,00/летен | 1.500,00 |
| КАЛЕНДАР ТФСМ ДРЖАВНИ ПРВЕНСТВА И ТУРНИРИ СО НАГРАДЕН ФОНД | 5.000,00/зимски<br>6.000,00/летен | 1.500,00 |
| КАЛЕНДАР ТФСМ ДЕТСКИ ТЕНИС (Црвен, Портокалов и Зелен) | 2.500,00/зимски<br>3.000,00/летен | |

**Член 4**

Доколку од одредени и оправдани причини турнирите треба да бидат продолжени, максимално за еден ден, со дозвола од Судиско Натпреварувачкиот комитет, на Главниот судија/Делегат ќе му биде исплатена една дополнителна дневница на износ од 1.000,00 денари.

**Член 5**

Судиите и помошниците судии за турнирите д Календарот на ТФСМ ги делегира ТФСМ.
Судиите за миди / мини турнирите ги делегира ТФСМ за помошниците клубот организатор.
Главниот судија е должен по завршувањето на турнирот да изготви извештај за одржаниот турнир од кој еден примерок ќе остави на клубот организатор, а еден примерок ќе достави до ТФСМ најдоцна во рок од 3 дена по завршувањето на турнирот.

**Член 6**

Исплатата на судиите за домашни турнири и меѓународни турнири организирани од ТФСМ го врши ТФСМ. При исплата на судиите ќе се земе во предвид минималната препорачана заработка пропишана од страна на ИТФ.
Исплатата на судиите за меѓународните турнири организирани од клубовите го вршат клубовите организатори.
Сите горенаведени суми се нето исплати на кои се пресметува персонален данок.
За делегираните судии клубот организатор е должен да обезбеди храна за времетраењето на турнирот, трошоци за превоз до и од местото на организирање на турнирот како и сместување за делегираните судии кои не се од местото на одржување на турнирот.

**Член 7**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување и се однесува на натпреварувачката 2024 година.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 19.12.2023 година